**Одговор: Кристос Цомпанидис**

Истакана дека на почетокот објаснил со која цел е организиран овој настан – тоа се консултации, добивање коментари врз основа на кои би можеле да го унапредиме нашиот проект. За трансфер на отпадот директно од Демир Хисар или преку вашата претоварна станица до централната постројка за управување со отпад – тоа е нешто што е предвидено за секоја општина, а за Вашата општина не беше можно да има претоварна станица. Знаеме дека предложивте да бидете опслужувани од претоварната станица во Битола но, како што рече Иеремиади, добивката за Битола ќе биде маргинална, а тука е и фактот дека Општината не сака да има претоварна станица. Од друга страна, имаме среќа што Демир Хисар има малубројно население така што се создаваат мали количества на отпад. Уште еднаш ќе ги направиме пресметките затоа што имате создавање на мали количества отпад, и ова нема финансиско влијание врз претоварната станица во Крушево, без разлика дали Вие ќе бидете дел од тоа или не. Ако со одењето директно кај Мегленци добивате подобри резултати, тогаш овој резултат може да се прилагоди – и ова не го менува генералниот план. Да бевте голем град, проблемите ќе бидат од финансиска природа. Според наше мислење, сега е подобро да одите преку Крушево но сепак ќе го разгледаме тоа и ако е потребно тогаш не е проблем да се прилагодиме.

**Коментар: Пецо Вајгалески, Директор на ЈКП Долнени**

Од она што проектот го има како показател, се погрешни податоци независно кој ги доставил и притоа затаил, Демир Хисар нема 47% покриеност на подигање на сметот, покриеноста е 76%. Без разлика дали ќе бидат едно или две возила, се зборува за 20 км регионален пат кој нон стоп се користи и е достапен 12 месеци. До Крушево вozеле 9 -10 месеци. Во зима не може ни со лека кола да се пристапи. Тие 17 години го носиат во Мегленци и ќе го носат и понатаму, немаат никакви дополнителни финансии, станува збор за истиот трошок.

**Одговор: Кристос Цомпанидис**

Во врска со претоварната станица, веќе одговорив дека повторно ќе ја провериме. Што се однесува на покриеноста со собирање на отпад, податоците за Демир Хисар беа доставени или од општинската администрација или од прашалниците кои беа доставени до Општината која ни ги одговори и ни ги испрати назад. Така што, ние не ги мериме камионите, ние побаравме од вашите сервиси и тие одговорија. Можеби во периодот 2016 – 2017 година сте имале голем напредок.

**Одговор: Елени Иеремиади**

Истакна дека сака да потенцира дека во пресметките го зеле во предвид отпадот кој се произведува, а не отпадот кој се собира, така што тоа било отпадот кој го земале предвид во правењето на пресметките.

По завршената дискусија, г-ѓа Дејана Тодоровска им се заблагодари на сите присутни и ја затвори јавната расправа во 12:00 часот.

Изготвил:

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com